Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на првата седница одржана на 05.01.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-20/1 од 03.01.2022 година за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-4918/1 од 30.12.2021 година на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 143 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2", „МРТ 3", „МРТ 4" и „МРТ 5" што е спротивно на член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр.** 02-19/3

05.01 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**